Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 199 став 5 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК

**за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во дипломатско конзуларни претставништва на Република Северна Македонија во странство, меѓународните мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили**

**Член 1**

Во Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во дипломатско конзуларни претставништва на Република Северна Македонија во странство, меѓународните мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили број 01-3787/1 од 19.06.2019 година и број 01-2223/1 од 22.04.2020 година, насловот се менува и гласи: „Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско - конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката“.

**Член 2**

Членот 1 се менува и гласи:

„Со овој Правилник се утврдува висината на платата, додатоците на платата и другите надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Северна Македонија

(во натамошниот текст: Армијата) , кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско - конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката (во натамошниот текст: лица упатени на работа во странство и на територијата на Републиката).

**Член 3**

Членот 2 се менува и гласи:

„Лицата упатени на работа во командните структури на НАТО, дипломатско - конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, имаат право на плата, додатоци на плата и надоместоци на определени трошоци под услови и критериуми утврдени со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија и одредбите на овој правилник.“

**Член 4**

Во членот 28 во став 2 во алинеја 1 точката и запирката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и Канцеларијата за врски во Монс;“.

Во членот 28 став 2 алинејата 2 се менува и гласи:

„Другите лица од Министерството упатени на работа во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при НАТО и Канцеларијата за врски во Монс, заедно во висина од 30% од вкупниот износ определен за репрезентација за лицата упатени на работа од Министерството во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при НАТО и Канцеларијата за врски во Монс.“

**Член 5**

По членот 32 се додава нова Глава II-А и нов член 32-а, кои гласат:

II-А. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА НА ЛИЦАТА УПАТЕНИ НА ДОЛЖНОСТ ВО КОМАНДНИТЕ СТРУКТУРИ НА НАТО, КОМАНДИ, ШТАБОВИ И ВОЕНИ ЕДИНИЦИ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА И НА НЕРЕЗИДЕНТНИТЕ ОДБРАНБЕНИ И ВОЕНИ АТАШЕА

„Член 32-а

Вработените во Министерството и Армијата, упатени на должности во командните структури на НАТО, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации на територијата на Републиката, како и нерезидентните одбранбени и воени аташеа, остваруваат право на додаток на плата во износ од 20% од денарската плата и не остваруваат право на други додатоци согласно овој правилник.“

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.

Изработил: потполковник Предраг Кочовски

Број 01-4920/1
Датум 22-07-2021

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска